МЦМС спроведе сеопфатна студија на Охридскиот рамковен договор. Истражувањето на меѓуетничките односи ќе биде објавено во четири дела: историски односи и стравови, предрасуди и стереотипи; почит на културата и споделена гордост; социјална близина; и општ квалитет на меѓуетничките односи. Во прилог е објавата во еден од медиумите.

**500.000 евра ќе потрошиме дебатирајќи за рамковниот**

Одбележувањето на договорот со кој се оконча неколкумесечниот воен конфликт од 2001 година, главно, се сведува на дебати со познати соговорници. Малку од овие пари ќе завршат во дебата за она што му претходеше на договорот - воениот конфликт од 2001-та.

Извор: Нова Македонија

**Политичарите само навидум помирени**

Десет години по потпишувањето на Охридскиот договор, неговите потписници, конечно, седнаа на иста маса. Ако претходно не можеше да се замисли Али Ахмети и Љубчо Георгиевски да се погледнат очи в очи, завчера се случи и тоа. - Порано јас кога ќе влезев во една просторија, Георгиевски излегуваше, а сега сме тука и комуницираме - посочи Ахмети на завчерашната трибина за Рамковниот договор во Тетово. Тој заедно со Георгиевски и со Бранко Црвенковски се согласи дека Рамковниот договор пред десет години бил неизбежен и дека денес претставува реалност. Сепак, според оцените на аналитичарите, ваквите ставови и помирувања меѓу политичарите во реалноста не се вистински.

Извор: Време